# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## на општина Новаци

## Број 09/17

**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК ОПШТИНА НОВАЦИ**

**Излегува по потреба- 19.09-2017 година. Вторник-Бр.09, година XXI**
**.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;**
**E-mail: Novacio@T-home.mk Примерок 50 денари**

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1.Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 14.09.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-687/1 ОпштинаНоваци
18.09.2017 год. Градоначалник
Лазар Котевски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. 56 од 15.04.2011 година), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 14.09.2017 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација**

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВА** вклопување на бесправно изградениот објект индивидуална семејна зграда бр. 1 опишана во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , изработен од ДООЕЛ Тера Гео Балкан Битола со бр. 08-971/5 од 19,12,2016 година на **КП 1505 КО Рапеш** во идната урбанистичко-планска документација за село Рапеш , по барање на **Добре Николовски од Битола, ул. Цар Самоил бр. 222 , со бр. 10-708/1 од 23,08,2011 година .**

**Член 2**

За с. Рапеш Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-677/4 Совет на општина Новаци
14.09.2017год. Претседател
ПецоМицевски

==============================

Врз основа на член 63 и 51 од Законот за локална самоуправа( Службен весник на РМ бр. 5/02), во согласност со член 8-а од Изборен законик( Службен весник на РМ бр. 32/14) а во врска со член 51 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02), Одлука за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2017 година бр.14-986/5 од 22.12.2016 година , Градоначалникот на Општина Новаци го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

За запирање објавување на Одлука за запирање на сите градежни активности во општина Новаци до денот на локалните избори 2017

**1.СЕ ЗАПИРА** објавување на Одлука за запирање на сите градежни активности во општина Новаци до денот на локалните избори 2017, бр 14-677/5 од 14.09.2017 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 51 од Законот за локална самоуправа( Службен весник на РМ бр. 5/02).Ако градоначалникот смета дека прописот на советот не е во согласност со Уставот и законите, должен е во рок од седум дена од денот на доставувањето со решение да го запре неговото објавување, со кое ќе ги образложи причините за запирање.

Причина за запирање објавување на Одлука за запирање на сите градежни активности во општина Новаци до денот на локалните избори 2017, бр 14-677/5 од 14.09.2017 година е член 8-а став1точка 2 од Изборен законик( Службен весник на РМ бр. 32/14)

(1) Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може:

- да се располага со буџетски средства на Република Македонија, средства на буџетите на општините и градот Скопје, од јавни фондови и средства на јавни претпријатија и јавни установи или правни лица кои располагаат со државен капитал;
- да се започне изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти, **освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година**

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.08-685/1
18.09.2017 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Лазар Котевски

С О Д Р Ж И Н А Страна

1.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација 1

2.Решение за запирање објавување на Одлука за запирање на сите градежни активности во општина Новаци до денот на локалните избори 2017 2

4

**Издавач:** Совет на општина Новаци:
**Редакција:**
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
**Печати**: Совет на општина Новаци
**Тираж:** 20 примероци